Преамбула:
Тргнувајќи од историското културно, духовно и државно наследство на македонскиот народ и од неговата вековна борба за национална и социјална слобода и за создавање своја држава, а посебно од државно-правните традиции на Крушевската република и историските одлуки на АСНОМ и уставно-правниот континуитет на македонската држава како суверена република во Федеративна Југославија, од слободно изразената волја на граѓаните на Република Македонија на референдумот од 8 септември 1991 година, како и од историскиот факт дека Македонија е конституирана како национална држава на македонскиот народ во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство со другите етнички заедници кои живеат во Република Македонија, **а** врз основа на чл. 16 од Законот за политички партии (Сл. весник на РМ, 76/2004 и 5/07, 8/07, 7/08, 23/13), Основачкото собрание на политичката партија "ГЛАС за Македонија" на ден 24.02.2018 година, го донесе следниот:

---

# С Т А Т У Т

---

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

---

## II. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ПАРТИЈАТА
## НАЧЕЛА НА РАБОТА
## МЕТОДИ И НАЧИНИ НА ПОЛИТИЧКО ДЕЛУВАЊЕ

---

## III. ЧЛЕНСТВО
## ЗАЧЛЕНУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНУВАЊЕТО
## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

---

## IV. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА
## ОРГАНСКИ ПРИНЦИПИ
## ОСНОВНИ РАКОВОДНИ ОРГАНИ

**Собрание;**
**Централен совет;**
**Претседател;**
**Претседателство;**
**Надзорен орган;**

## ПОМОШНИ ПАРТИСКИ ОРГАНИ

**Аналитички сектори**;
**Програмски совети;**

## НЕРАКОВОДНИ РАБОТНИ ТЕЛА

---

## V. ФИНАНСИРАЊЕ

---

## VI. ПРЕСТАНОК НА ПАРТИЈАТА

---

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

---

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Името на политичката партија е "ГЛАС за Македонија". (во понатамошниот текст "ГЛАС")
Скратеното име на партијата е „ ГЛАС", испишано со големи букви.

**Член 2**

Паријата има својство на правно лице.
Седиштето на партијата е на ул. „Орце Николов“ бр. 155б во Скопје;

**Член 3**

Партијата има свое лого, (исправен правоаголник со црвена боја, на средина со стилизирани букви е испишано „ГЛАС“, под него „за Македонија“, а на десната половина се исцртани стилизирани полукругови кои отсликуваат ширење на звучни бранови ), знаме и химна кои дополнително ќе се уредуваат со посебен Правилник за симболи.
Партијата има свој печат и штембил.
Печатот е со кружна форма, во кој го пишува името, во средина е логото и под него пишува Скопје;
Штембилот на партијата е во правоаголна форма, во горниот дел се впишува името на Партијата, во средината во два реда е просторот за број и датум, а во долниот дел пишува: Скопје.
За бројот и видот на печати и штембили одлучува претседателството.

**Член 4**

Партијата е современа партија во која граѓаните слободно се здружуваат, почитувајќи ги ставовите од преамбулата на овој Статут, заради:

- Република Македонија да се одржи како суверена, самостојна, унитарна и како граѓанска и демократска држава;
- да се изгради и воспостави владеењето на правото како темелен систем на власта;
- да се гарантираат човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност;
- да се обезбеди мир и сожителство на македонскиот народ со етничките заедници кои живеат во Република Македонија,
- да се обезбеди социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот,
- освојување на власта.

---

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И МЕТОДИ
## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ПАРТИЈАТА

**Член 5**

Партијата влегува во политичкиот живот на Република Македонија, заради освојување на власта и остварување на нејзините основни цели и задачи:
- Непроменливост на уставното име на Република Македонија и унитарниот карактер на државата;
- Македонскиот јазик е единствен официјален јазик на територијата на целата држава;
- Гарантирање на правата на сите етнички заедници во согласност со практиките за мултикултурност на современите демократии, а врз база на претходно спроведен кредибилен попис на населението во Република Македонија;
- Бескомпромисно воспоставување на силна правна држава и доследно почитување на Уставот и законите, подеднакво за сите граѓани на Република Македонија;
- Претставки до Уставниот суд за оценка на уставноста и законитоста на спорни законски одредби, текстови и решенија, и неселективна одговорност за кршење на Уставот и законите;
- Борба против секој вид на корупција и против дерогативните ефекти на корупцијата врз луѓето, општеството и економијата;
- Силна поддршка на родовиот корпус на прашања, промовирање и поддршка на жената во политичкиот и општествениот живот;
- Професија, углед и заслуга, а не партиска книшка, со тоа градење на независни институции;
- Демократизација преку строго раздвојување на законодавната, извршната и судската власт;
- Градење на силно, модерно и достоинствено образование;
-Надворешна политика заснована на стратешки истражувања и цели;
- Заштита на националните блага и екосистеми, меѓу кои и водите, минералните суровини и археолошкото богатство;
- Чиста и безбедна животна средина во чија основа лежи целосна гасификација;
- Рамномерен регионален развој и развој на урбаните целини;
- Модерна патна и железничка инфраструктура и непрекинат развој на авиосообраќајот;
- Силен акцент на поддршка на малите бизниси;
- Привлекување на инвестиции во форма на R&D (Истражувачки и Развојни) Центри како една од мерките за борба против “одлевањето на мозоци”;

- Стратегија за враќање на висококвалификуваните млади кои ја напуштија земјата;
- Република Македонија со едноцифрена невработеност;
- Вклучување на дијаспората од соседните и подалечните држави во политичкиот и општествениот живот, како и грижа за Македонците надвор од границите на Република Македонија.

**Член 6**

Програмските цели и задачи од член 5 од овој Статут како и други програмски цели и задачи кои ќе бидат донесени од органите на партијата ќе бидат реализирани согласно овој Статут.

---

## НАЧЕЛА НА РАБОТА

**Член 7**

Партијата е непрофитна организација која своите политички цели, задачи, дејствување ќе ги остварува во согласност со Уставот на Република Македонија, позитивните прописи и односите уредени со овој Статут, по начелата на законитост на актите, непосредност и јавност, зборност при одлучување, сменливост и рационализација при извршување на административните работи.

**Член 8**

Работата на партијата е јавна.

Начелото на јавност се обезбедува со редовно известување на членовите и на симпатизерите за сите облици на работење, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Партијата, со следење на материјално-финансиското работење и сл.

Партијата може да издава свои гласила, да има своја веб-страница, свои официјални профили на социјалните мрежи и може да основа други, печатени или електронски средства за јавно информирање согласно закон.

**Член 9**

Партијата може да остварува соработка со странски политички и идеолошки сродни партии, како и да се здружува, односно да членува во меѓународни сојузи или организации.

---

## МЕТОДИ И НАЧИНИ НА ДЕЛУВАЊЕ

**Член 10**

Покрај различните идејни погледи кон одредени прашања, членовите и симпатизерите на партијата ќе делуваат како единствена сила за промоција на основните принципи и вредности на партијата.

**Член 11**

Основен метод на делување ќе биде спроведувањето на предвидените и планирани активности врз основа на принципите кои ги обединуваат членовите на партијата, при што меѓусебните разлики ќе бидат ставени во втор план.

**Член 12**

Во остварувањето на своите цели и задачи партијата:
- ги промовира своите ставови;
- оценува, покренува иницијативи, критикува, дава алтернативи и сугестии за решавање на посочени конкретни проблеми и соодветни законски решенија;
- издава соодветни публикации;
- соработува со други организации од земјата и од странство;
- го унапредува информирањето и знаењето на своите членови, како и на пошироката јавност, организирајќи собири, трибини, предавања и дискусии на определени теми од нивната област на интерес;
- ги брани правата на своите членови кои произлегуваат од Статутот итн.

---

## III. ЧЛЕНСТВО
## ЗАЧЛЕНУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНУВАЊЕТО

**Член 13**

Членувањето во партијата е доброволно.

Член на партијата може да биде секое полнолетно физичко лице, државјанин на Република Македонија, што ја прифаќа нејзината Програмата и овој Статут и кое активно ќе придонесува кон исполнување на целите на партијата.

Зачленувањето се врши со прифаќање на поднесена Пристапница за членство во партијата, на утврден образец во писмена или електронска форма.
Пристапница освен основните податоци за кандидатот содржи и подетални информации за неговите мотиви и подготвеноста за работа врз целите и задачите на партијата.
Претседателство на партијата кое одлучува за прием во членство, може поблиску да го уреди начинот на зачленување, формите на членство, утврдувањето на одговорноста и исклучувањето на член од редовите на партијата.
Партијата за своите членови води Регистар за членство, кој се ажурира најмалку еднаш годишно, а чија содржина и форма се регулира со посебен правилник.
Доколку некое здружение на граѓани, или пак некоја друга политичка или општествена организација ѝ пристапи на партијата, нивните членови стануваат полноправни членови на партијата, по потпишување на пристапница, а врз основа на одлука на Централниот совет на партијата.

**Член 14**

Членувањето во партијата престанува:
- со смрт или трајно губење на деловната способност;
- самоиницијативно со писмена изјава за истапување;
- со исклучување од партијата;

Самоиницијативниот престанок на членството во партијата може да биде:
- со изрично истапување од партијата, кое се најавува пред надлежните партиски органи или со давање изрична изјава за доброволен престанок на членувањето (т.н. истапница);
- по автоматизам, со бришење од Регистарот на членови, ако лицето истовремено станало член и на друга политичка партија или со кандидирање на изборна листа надвор од партијата или со избор и именување на функција од страна на друг политички субјект без претходна согласност од партиските органи, што се смета за самоиницијативно истапување;

Исклучувањето на член е крајна и принципиелна мерка во случаи на дејствување кое е спротивно на основачките документи или другите акти на партијата и за него по предлог на Претседателството одлучува Централниот совет, со двотретинско мнозинство гласови по претходно најавена точка на дневниот ред на седницата.

---

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

**Член 15**

Права на членот на партијата се:
- да учествува во работата на партијата;
- да придонесува во создавањето и спроведувањето на политиките на партијата;
- да бира и да биде биран во партиските органи или на друг начин да учествува во работните тела;
- да биде кандидат или да кандидира други лица за партиските изборни листи и други јавни функции;
- да поднесе оставка на должноста т.е. функцијата на која е избран или именуван;
- да предлага решавање на прашања од заеднички интерес;
- да поставува прашања до партиските органи и избраните или именуваните функционери;
- да обезбедува партиска заштита при одбрана на партиски ставови;
- да биде информиран за активностите на партијата и др.

**Член 16**

Обврски на членот на партијата се:
- редовно да плаќа членарина;
- со сопартијците да комуницира на достоинствен начин;
- да работи на развивање и унапредување на политичките и општествените активности кои произлегуваат од Статутот, програмските цели и задачи и од усвоените одлуки и заклучоци;
- да ги спроведува одредбите од основачките документи на партијата и своето политичко делување да го усогласи со Статутот и Програмата;
- да ги спроведува одлуките на партиските органи;
- да ги застапува интересите и ставовите на партијата и во своите јавни настапи да го следи идеолошкиот курс, заштитувајќи го нејзиниот углед и интегритет;
- активно да учествува во органите во кои е избран или именуван, притоа заштитувајќи го акционото единство на партијата;
- да учествува во работата и да придонесува за развојот на партијата.
- да биде информиран, да учествува во активностите на партијата, да дава предлози, мислења и

да изнесува свои ставови;
- да бира и да биде биран во органите и телата на партијата;
- да се ангажира во ширењете на партиските ставови и вредности и да работи на зголемување на бројот членовите и симпатизери на партијата;
- доколку има и поинаков став од мнозинството во партијата, да се залага преку органите на партијата за афирмација на таквиот став, иако како обврзувачки важи мнозинскиот став.

## IV. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА
## ОРГАНИЗАЦИСКИ ПРИНЦИПИ

**Член 17**

Партиската организациска структура ја сочинуваат:

**Основните раководни партиски органи:**
- Собрание;
- Централен совет;
- Претседател на партијата;
- Претседателство;
- Надзорен орган;

**Помошните партиски органи:**
- Централен Аналитички сектор со шест (6) аналитички сектори по изборни единици,
- Централен Програмски совет, со програмски совети по тематски области;

**Нераководни работни тела:**
- Совет на иселеници;
- Интерпартиски совет,

и други, се' како што е предвидено со овој Статут;

**Член 18**

Партиските функции се извршуваат без надомест.
По исклучок, одредени партиски функции кои се утврдуваат со посебен правилник, можат да се вршат и професионално, со засновање работен однос или хонорано ангажирање.

**Член 19**

По правило, непосредно повисокиот партиски орган, кој ги бира членовите на пониските орган, има право да ги разреши членовите поединечно, или да му изгласа недоверба на целиот партиски орган, што доведува до колективно распуштање.

**Член 20**

Во случај на колективна оставка на цел партиски орган, дотогашниот персонален состав на органот ја врши својата функција во ограничен обем, само за тековни работи, сè до изборот на новиот персонален состав, освен ако повисокиот орган тоа изрично го забрани.
Во случај повисокиот орган да го забранил понатамошното делување на пониските орган во дадениот персонален состав, тој мора да именува вршители на должноста членови на пониските орган со привремен мандат до изборот на новите легитимни членови, кој мора да се случи во најкраток можен рок.
Оваа одредба не се однесува на Претседател на партијата како индивидуален извршен орган;

**Член 21**

На местото на поединечниот член кој е разрешен или си дал оставка на функцијата, самиот колективен орган со дозвола на повисокиот орган, може да изврши кооптирање на нов член на испразнетото место, кој ќе има скратен мандат, сè до изборот на новиот персонален состав на органот.
Оваа одредба не се однесува на Претседател на партијата како индивидуален извршен орган;

**Член 22**

При одлучувањето во партиските органи и тела, се прави обид за изнаоѓање консензуално решение, но во неможност на постигнување консензус, одлуките се донесуваат со апсолутно или релативно мнозинство гласови, онака како што е одредено кај секој орган поединечно, со овој Статут и/или со посебен деловник за работа.

## ОСНОВНИ РАКОВОДНИ ОРГАНИ
## 1. СОБРАНИЕ

**Член 23**

Собранието е највисок и врховен раководен орган на партијата.

Собранието може, ако за тоа се појави оправдана потреба, да ги преземе надлежностите на било кој друг понизок партиски орган или да запре од извршување, укине или поништи акт на било кој понизок орган.
Собранието може кога за тоа ќе се појави оправдана потреба, со одлука да делегира одредени надлежности од својот делокруг на работа на било кој друг партиски орган.

**Член 24**

Собранието го сочинуваат делегати и тоа:
**- сите членови на основните партиски раководни органи:**
- **- Централен совет,**
- **- Претседател на партијата;**
- **- Претседателство** (во состав Претседател на партијата - член по функција,<br>Потпретседател,<br>Генералнен секретар,<br>Секретар одговорен за материјално финансиско работење;<br>Претседател на Централниот аналитички сектор;<br>Претседател на Централниот програмски совет;<br>Претседател на „ГЛАС на млади“)
- **Надзорен орган;**

**- претставници од помошните партиски органи:**
- - Претседателите и членови и/или делегати од аналитички сектори;
- -Претседателите и членови и/или делегати од програмските совети;
- - Членови и/или делегати од „ГЛАС на млади“

**- претседатели и/или делегати од нераководните работни тела:**
- - од Совет на иселеници и
- - од Интерпартискиот совет (по негово конституирање);
- - делегати на други нераководни работни тела, согласно овој Статут;

**- сите избрани и именувани носители на јавни функции преку партијата** (пратеници, советници, министри, заменици министри, државни секретари, директори на јавни претпријатија, државни агенции и др.)
Составот, структурата, мандатот и начинот на работење на Собранието може дополнително да се уредат со посебен Деловник за работа.

**Член 25**

Собранието на партијата ги има следниве права, должности и одговорности:

-донесува Програма и Статут на партијата, како и одлуки за нивни измени и дополнувања;
- донесува резолуции, декларации и други акти и програмски документи;
- донесува други поединечни и општи акти кои се во негова надлежност;
- утврдува насоки за работата на партијата;
- ги усвојува извештаите за работата на партијата;
- одлучува за промена на името и знакот на партијата;
- по потреба формира работни тела на Собранието;
- донесува деловник за работа;
- ги избира, именува и отповикува членовите на Централниот совет (освен оние членови за кои одлучуваат други партиски органи, согласно овој Статут);
- го избира, именува и отповикува Претседателот на партијата;
- ги избира, именува и отповикува членовита на Надзорниот орган;
- ги избира, именува и отповикува членовита на Советот на иселеници;
- одлучува за барањата, жалбите и приговорите што се упатени до Собранието, а што се во негова надлежност;
- пренесува надлежности на други органи на партијата;
- одлучува за здружување и/или коалицирање со други политички партии или коалиции;
- врши и други работи што произлегуваат од програмските определби или се утврдени со Закон, со други прописи или со овој Статут;

**Член 26**

Правата, должностите и одговорностите на Собранието во итни случаи или вонредни околности ги врши Централниот совет, при што има обврска на првата следна седница да го информира Собранието за преземените активности.

Помеѓу две собранија, Претседателот на партијата може да кооптира членови на Советот за иселеници, кои ги потврдува Собранието на прва наредна седница.

**Член 27**

Собранието работи на седници кои можат да бидат редовни или вонредни, а со него претседава Претседателот на партијата.

Редовното Собрание заседава еднаш на секои четири години и него го свикува Централниот совет кој е должен за планираното одржување на седницата, да ги извести членовите на Собранието најмалку седум, но не повеќе од еден месец претходно.

Вонредното Собрание се одржува по потреба, во рок од најмалку седум, но не подолг од петнаесет дена по барањето за негово свикување, кое можат да го поднесат најмалку:

- четвртина од членовите на Партијата;
- половина од членовите на Централниот совет;
- апсолутно мнозинство од членовите на Претседателството на партијата;
- Претседателот на партијата;

Вонредното Собрание работи на ист начин како и редовното, меѓутоа може да одлучува само по прашањата од дневниот ред за кој е свикано.

**Член 28**

Собранието полноважно работи ако се присутни повеќе од половината од вкупниот број делегати, согласно член 24 од овој Статут.

Секој делегат има право на еден глас.

По правило Собранието одлучува со јавно гласање, а по барање на барем еден негов член, особено кога се работи за кадровско-персонални или финансиски прашања, може да се одлучува и со тајно гласање, за што одлука се донесува ако за неа гласале една четвртина од присутниот број делегати.

**Член 29**

Со апсолутно мнозинство гласови (од вкупниот број делегати) се одлучуваат прашања како што се:

- донесување, измена или дополнување на најважните документи на Партијата, а согласно овој Статут;
- избор, именувања, одговорности и разрешувања на колективни или инокосни органи т.е. било кои кадровски и други персонални прашања поврзани со изборите и именувањата, согласно овој Статут;
- кога се одлучува за здружување и/или коалицирање со други политички партии или коалиции;

Со релативно мнозинство гласови од присутниот број делегати, доколку се присутни повеќе од половината од вкупниот број, ќе се одлучува по други прашања кои произлегуваат од тековните задачи и активности.

---

## 2. ЦЕНТРАЛЕН СОВЕТ

**Член 30**

Централниот совет е највисок партиски раководен орган меѓу две Собранија, кој делува на државно ниво, со мандат од четири години, односно во периодот меѓу две редовни собранија.

Со Централниот совет претседава Претседателот на партијата, а во случај на негово отсуство, Потпретседател со овластување од Претседателот.

**Член 31**

Централниот совет брои најмалку 24 члена;

Полноправни членови на Централен совет со право на глас, се:

**- Претседателот на партијата** по функција и како член на претседателството;

**- членови на Претседателството:**

-Потпретседателот,
- Генералниот секретар.
- Секретар одговорен за материјално финансиско работење;
- Претседателот на Централниот аналитички сектор;
- Претседателот на Централен програмски совет;
- Претседател на „ГЛАС на млади“ (по формирање на партиската младина)
- пет (5) делегати од „ГЛАС на млади“ (по формирање на партиската младина) ;

- претседателите на аналитичките сектори по изборни единици (по нивно формирање);
- претседателите на програмските совети по тематски области (по нивно формирање);

На седниците можат да присуствуваат членовите на Надзорниот орган, но без право на глас.
По исклучок, кога за тоа ќе се појави оправдана потреба заради разјаснување на одредени прашања, на седниците на Централниот совет може да учествуваат и други внатрешни или надворешни лица (членови, симпатизери, експерти и сл.) но, без право на глас.

**Член 32**

Централниот совет:

- од своите членови го избира, именува и отповикува Потпретседателот, Генералниот секретар, Секретарот одговорен за материјално финансиско работење, Претседателот на Централниот аналитички сектор, Претседателот на Централниот програмски совет и дуги членови на Претседателството, согласно овој Статут;
- по предлог на Претседателството донесува одлука за основање и престанок на програмски совети по тематски области, одлучува за избор, именување и отповикување на претседатели на поединечни програмски совети од своите членови или по потреба од членството на партијата, а кои претседатели по функција стануваат членови на Централниот совет;
- по предлог од Претседателството одлучува за избор, именување и отповикување на членови на поеднични програмски совети;
- донесува одлука за основање и престанок на аналитички сектори по изборни единици, одлучува за избор, именување и отповикување на претседатели на поединечни аналитички сектори од своите членови или по потреба од членството на партијата, а кои претседатели по функција стануваат членови на Централниот совет;
- по предлог од Претседателството одлучува за избор, именување и отповикување на членови на поеднични аналитички сектори;
- донесува одлука за формирање на партиска младина – "ГЛАС на млади", чиј претседател по функција е член на Претседателството и од која 5 претставници се членови на Централниот Совет;
- ги избира, именува и отповикува членовите во Интерпартискиот совет по предлог на Претседателството;
- донесува одлука за формирање на други нераководни и помошни органи и тела и ги избира и именува во нив партиските функционери;
- на предлог од Претседателството ја утврдува и усвојува кандидатска листа на носители на јавни функции, избира шеф на изборен штаб и избира и именува кандидати за јавни функции;
- донесува одлука за распишување на внатрепартиски избори и правилник со кој се утврдуваат критериумите и постапката за избор;
- ја следи работата на носителите на функции, избрани или именувани од редовите на партијата и ја утврдува нивната одговорност, како и одговорноста на членовите на Претседателството, на членови на Централниот совет и членови на други органи и тела што тој ги избира и именува;
- по предлог на Претседателството одлучува за исклучување од партијата;
- реализира одлуки, ставови и заклучоци на Собранието;
- расправа за актуелни состојби и движења поврзани со општествените, политичките, економските и други состојби во државата, дава политички оценки, утврдува ставови и заклучоци и гради стратегија за политичко позиционирање и делување на партијата;
- утврдува предлог акти и други документи што ги донесува Собранието;
- усвојува извештаи за работа помеѓу две седници на Централниот совет, годишни извештаи, како и план за работа, акциони планови и слично;
- ги утврдува предлозите на основните партиски акти и други документи и одлуки;
- врши измена или дополнување на најважните документи и одлуки помеѓу две Собранија ;
- донесува деловници за својата работа и работата на другите раководни органи, нераководни органи и помошни партиски тела, согласно своите ингеренции и утврдува предлог деловник за работа на Собранието;
- донесува одлуки и други акти во рамките на своите ингеренции;
- по потреба формира комисии, одбори, работни групи и други тела;
- распишува внатрепартиски референдум, согласно својот деловник за работа;
- го разгледува финансиското работење на партијата, одлучува за висината на членарината; се грижи за обезбедување на средства за функционирање, утврдува начини и форми на финансирање на партијата согласно закон и располага со имотот на партијата;
- усвојува годишни финансиски извештаи, финансиски план т.е. буџет и завршна сметка;

- дава согласност за склучување на договори и за други финансиски потреби и трансакции со финансиски импликации кои го надминуваат буџетскиот план за тековниот период;
- одлучува по барања, жалби и приговори за прашања што се од негова надлежност;
- по предлог на Претседателството, одлучува за исклучување од партијата;
- врши и други работи согласно овој Статут.

**Член 33**

Централниот совет работи на седници кои можат да бидат редовни или вонредни:
Редовните седници се одржуваат квартално, најмалку на секои три месеци, и тоа вообичаено последниот викенд од месеците март, јуни, септември и декември.

**Член 34**

Вонредните седници се одржуваат по потреба, за разгледување на итни и неодложни прашања или други поважни работи кои не трпат одлагање, и тоа на барање на една четвртина од членовите на Централниот совет или на барање на Претседателот односно Претседателството.
Седниците ги свикува Претседателот на партијата со покана т.е. известување, со назнака „Итно“!

**Член 35**

Централниот совет може полноважно да одлучува ако на седницата присуствуваат повеќе од половината од членовите со верификуван мандат, кои имаат право на глас, а одлуките се донесуваат со релативно мнозинство гласови од вкупниот број на негови членови, освен за прашања на одговорност и/или отповикување на потпретседателот, генералниот секретар, секретарот одговорен за материјално финансиско работење и дуги членови на Претседателството кои тој ги бира, кога одлуката се донесува со апсолутно мнозинство на гласови од неговиот број на членови;

---

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПАРТИЈАТА

**Член 36**

Претседателот на партијата е политичко извршен орган на партијата, кој претседава со седниците на Претседателството, (а во случај на негово отсуство со негово овластување Потпредседател), раководи со седниците, се грижи за следење и придржување кон дневниот ред и потпишува записник од седницата.

**Член 37**

Во случај кога Претседателот е избран на државна функција неспоива со вршење на функцијата Претседател на партијата, на негово барање мандатот му мирува, а работите сврзани со неговата функција ги извршува потпретседателот, за што посебна одлука донесува Централниот совет;
Во случај Претседателот да се откаже од мирување на мандатот, функцијата Претседател на партијата му престанува.
Кандидатура за Претседател на партијата се поднесува во писмена форма од страна на заинтресираните кандидати во роковите утврдени со одлука на Централниот совет, кој ги разгледува пристигнатите кандидатури и ги доставува до Собранието.

**Член 38**

Претседателот на партијата се бира од редот на членовите на Собранието со апсолутно мнозинство гласови.
Во случај да има повеќе кандидати, доколку ниеден кандидат за претседател не го добие потребното мнозинство гласови, истовремено се одржува втор круг и се гласа за двајцата кандидати кои освоиле најмногу гласови, при што за избран се смета оној кандидатот кој што освоил повеќе гласови.

**Член 39**

Претседателот на партијата е овластен претставник т.е. застапник по закон на партијата во правниот промет воопшто, тој ја застапува, претставува и потпишува партијата и:
- ги свикува и раководи со седниците на Собранието, Централниот совет и на Претседателството;
- ја спроведува политиката на партијата;
- ја претставува и застапува партијата во земјата и странство;
- го координира функционирањето на партијата;
- се грижи за спроведување на одлуките, заклучоците и другите акти на партијата;
- предлага програми за развој на партијата помеѓу две собранија и ширење на членството;
- предлага мерки и активности за интерна комуникација во партијата;
- предлага начини и форми на финансирање на партијата;
- предлага начин на водење на изборната кампања;

- ангажира стручни лица од одредени области за помош во извршувањето на својата функција;
- ја води кадровската политика, согласно одредбите на овој Статут и другите акти на партијата и одлуките на Централниот совет;
- предлага кандидат за потпретседател на партијата;
- предлага листа за членови на Централниот совет и за Претседателството;
- врши и други работи што ќе му ги доверат Собранието и Централниот совет, или се утврдени со Закон и со овој Статут.

**Член 40**

Функцијата Претседател на партијата престанува:
- по негово барање;
- кога е избран на државна функција неспоива со вршење на функцијата Претседател на партијата, а се откажал од мирување на мандатот;
- со разрешување од страна на Собранието на партијата;

Предлог за разрешување на Претседателот во писмена форма можат да поднесат и најмалку 2/3 од вкупниот број членови на Собранието;
Собранието на партијата одлуката ја донесува со апсолутно мнозинство гласови.

## ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО

**Член 41**

Претседателството е извршен орган на партијата, кој го сочинуваат:
- **Претседател на партијата,** член на претседателството по функција;
- **Потпретседател;**
- **Генерален секретар;**
- **Секретар одговорен за материјално финансиско работење;**
- **Претседател на Централниот аналитички сектор;**
- **Претседател на Централниот програмски совет;**
- **Претседател на „ГЛАС на млади“** (по негово формирање);

Мандатот на членовите на Претседателството трае четири години, односно за време меѓу две изборни Собранија, со право на повторен избор.

**Член 42**

Претседателството е извршен партиски орган кој:
- реализира ставови и заклучоци на Централниот совет;
- ги следи активностите на Претседателот на партијата и му помага при извршување на неговите активности и задачи;
- расправа за актуелни прашања од сите сфери на општествено економскиот живот;
- ја следи политичката состојба во државата и дава своја оценка на политиките со конструктивна критика, преку расположиви форми за комуникација со јавноста;
- гради стратегија за политичко позиционирање и делување на партијата и им дава насоки на органите и службите;
- утврдува нацрт извештаи за работа помеѓу две седници на Централниот совет;
- предлага ставови и заклучоци на Централниот совет;
- свикува седници на Централниот совет;
- поднесува предлози за основање и престанок на програмски совети по тематски области, како и предлози за избор, именување и отповикување на претседатели и членови на поединечни програмски совети;
- поднесува предлози за основање и престанок на аналитички сектори по изборни единици, како и предлози за избор, именување и отповикување на претседатели и членови на поединечни аналитички сектори;
- до Централниот совет предлага утврдена кандидатска листа за пратеници и други носители на јавни функции;
- во својата работа соработува со органите, телата и службите на партијата.
- може да основа или укинува комисии или други помошни тела за работи од својот делокруг;
- избира гласноговорник;
- по добиено мислење од надзорен орган поднесува предлог за исклучување од членство, (со посебен правилник може подетално да го уреди начинот на зачленување, формите на членство, утврдувањето на одговорноста и исклучувањето на член од редовите на партијата).
- избира и разрешува координатори на локалните ограноци и остварува редовна соработка за активностите на теренот;
- избира и разрешува повереници или делегации за остварување официјални контакти, вршење

преговори или остварување специјални партиски мисии со други партии или организации;
- одлучува за потребата од постојано или привремено вработување или хонорарно ангажирање на одредени лица во партијата и за висината на нивната заработувачка;
- одлучува за иницирање, приклучување или напуштање на тековни кампањи или акции од неформални иницијативи за општествени промени;
- одлучува за промена на седиштето и адресата на партијата;
- донесува правилници, упатства, одлуки, заклучоци и акти за работи од негова надлежност;
- врши контрола и координација на работата на службите на партијата;
- го следи финансиското работење на партијата;
- изготвува годишни извештаи за својата работа, предлог планови за работа на партијата, предлог акциони планови, предлог финансиски план т.е. буџет и предлог завршна сметка;
-одлучува за сите тековни, предвидени и непредвидени работи со финансиски импликации во рамките на буџетскиот план за тековниот период;
- решава за други прашања од интерес на партијата и врши и други работи од својот делукруг на работа, а согласно овој Статут.

**Член 43**

Претседателството има право на вето, односно ингеренции да запре од извршување одлуки или други акти на пониските органи, служби, нераководни органи и работни тела, како и одлуки и/или други акти на програмските совети и аналитичките сектори, доколку оцени дека тие се во спротивност со партиската Програма, Статут или други акти;

**Член 44**

Претседателството работи на седници кои по правило се одржуваат еднаш неделно.
Претседателството може полноважно и легитимно да одлучува ако на седницата присуствуваат мнозинството од членовите.
За присутен ќе се смета и оној член кој, од оправдани причини, не може да присуствува на седницата, но којшто се изјаснил за точките на дневниот ред на било каков начин (писмено, и електронски.)
Одлуките на Претседателството се донесуваат со мнозинство гласови од сите членови.
На седниците на Претседателството можат да учествуваат и други членови на Централниот совет, но без право на глас.

## ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ

**Член 45**

Потпретседателот на партијата во својата работа тесно соработува со Претседателот на партијата, ги следи неговите насоки и инструкции за реализација на правата и обврските на органите, телата и службите на партијата, а особено на Претседателот и на Претседателството.
Потпретседателот на партијата:
- се грижи за реализација на програмата на партијата и активностите и задачите на Претседателот на партијата и на Претседателството;
- се грижи за работата на органите и телата на партијата;
- се грижи за операционализација на донесените ставови и заклучоци;
- согласно насоките од Претседателот се грижи за остварување на комуникација со другите политички партии и организации;
- се грижи за спроведување на изборната кампања;
- во случај на отсутност или спреченост на Претседателот, а по негово овластување ги извршува работите за кои е овластен и ги потпишува актите што ги донесуваат Собранието на партијата, Централниот совет и Претседателството;
- врши и други работи што ќе му ги доверат Централниот совет, Председателот или Претседателството или пак се утврдени со овој Статут и други интерни акти на Партијата;

**Член 46**

Функцијата, потпретседател на партијата престанува:
- по негово барање;
- кога е избран на државна функција неспоива со вршење на партиската функција;
- со разрешување од страна на Централниот совет на партијата;
Предлог за разрешување на потпретседателот во писмена форма можат да поднесат и најмалку 2/3 од вкупниот број членови на Централниот совет;
Централниот совет на партијата одлуката ја донесува со апсолутно мнозинство гласови.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**

**Член 47**

Генералниот секретар ги има следните права, должности и одговорности:
- го организира целокупното работење на партијата;
- ги подготвува седниците на органите на партијата;
- одговорен е за кадровската политика на партијата;
- одговорен е за ажурирање на регистарот на членови;
- учествува во креирање на политиката на партијата;
- тековно ги следи состојбите во општеството;
- тековно ги следи работите и состојбите во и во врска со партијата;
- ги подготвува седниците на Собранието, на Централниот совет и на Претседателството;
- ги координира активностите за спроведување на одлуките, заклучоците и ставовите на органите на партијата;
- предлага мерки и активности за работата;
- се грижи за операционализација на донесени ставови и заклучоци;
- му помага на Претседателот при извршување на своите обврски, а оообено при подготовка на предлог програми за развој на партијата помеѓу две собранија и ширење на членството, предлага мерки и активности за интерна комуникација во партијата, предлага начини и форми на финансирање на партијата, предлага начин на водење на изборната кампања, при водење на кадровска политика и др.
- се грижи за спроведување на интерната комуникација во партијата;
- согласно насоките на Претседателот, се грижи за начините и формите на финансирање на партијата;
- се грижи за спроведување на изборната кампања;
- тековно соработува со Секретарот одговорен за материјално финансиско работење;
- по овластување на Претседателот ги потпишува финансиските документи на партијата и
- врши и други работи што ќе му ги доверат Централниот совет, Председателот или Претседателството или пак се утврдени со овој Статут и други интерни акти на Партијата;

**Член 48**

Функцијата Генерален секретар на партијата може да престане под истите услови како на Потпретседателот на партијата.

---

**СЕКРЕТАР ОДГОВОРЕН ЗА МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ**

**Член 49**

Секретарот одговорен за материјално финансиско работење е воедно и еден од овластените потписници на сметките на партијата, заедно со Претседателот на партијата и други ополномоштени лица за таа намена и воедно:
- го следи финансиското работење на партијата;
- изготвува периодични и годишни извештаи за финансиското работење на партијата и нацрт-предлози на финансиски планови т.е. буџет и нацрт-завршна сметка;
- дава предлози за сите тековни, предвидени и непредвидени работи со финансиски импликации во рамките на буџетскиот план за тековниот период;

Секретарот одговорен за материјално финансиско работење, доставува до Претседателството месечни извештаи за финансиската состојба и води посебна книговодствена евиденција за приходите и расходите.

За извршување на работите од сметководствената сфера и материјално финансиското работење, партијата ангажира и овластен сметководител согласно позитивните прописи, со кој непосредно соработува Секретарот одговорен за материјално финансиско работење.

Секретарот одговорен за материјално финансиското работење врши и други работи што ќе му ги доверат Централниот совет, Председателот или Претседателството или пак се утврдени со овој Статут и други интерни акти на Партијата;

Функцијата Секретар одговорен за материјално финансиско работење на партијата може да престане под истите услови како на Потпретседателот на партијата.

---

**4. НАДЗОРЕН ОРГАН**

**Член 50**

Заради внатрешна контрола во делувањето на партијата се формира посебно контролно тело Надзорен орган – составен од најмалку 7 члена, со следните надлежности:

- ревизија на материјално финансиското работење на партијата;
- утврдување одговорност и вина на партиските членови;
- контрола врз спроведување на Статутот и другите акти на партијата следење на потребата и изготвување на измени и/или дополни на текстот на статутот.

Членовите на Надзорниот орган се избираат од страна на Собранието со мандат од четири години.

Работата и постапката пред Надзорниот орган подетално се уредуваат со деловник.

Контрола над работата на надзорниот орган врши Собранието, како орган кој одлучува по жалби или по вонредно преиспитување, а согласно овој Статут.

---

## ПОМОШНИ ПАРТИСКИ ОРГАНИ

## 1.АНАЛИТИЧКИ СЕКТОРИ

**Член 51**

Заради следење на состојбите на општествено политичкото живеење, и реализација на целите и операционализација на задачите на Партијата, се формираат аналитички сектори, поврзани во Централен аналитички сектор.

Аналитичките сектори се поделени по територијален принцип по бројот на изборни единици, за најбитните прашања на општественото живеење на таа територија.

Одлука за основање и престанок, како и деловник за работа на аналитичките сектори донесува Централниот совет на партијата кој ги избира и именува претседателите и најмалку 3 члена на секој аналитички центар, вклучувајќи го и Централниот, а на предлог на Претседателството.

Аналитичките сектори ги раководат претседатели кои имаат оперативно-техничка улога за координација на средбите и активностите на секторот и кои за својата работа одговараат пред Централниот совет, а редовни месечни извештаи доставува до Претседателот на Централниот аналитички сектор.

Централниот аналитички сектор врз основа на месечните извештаи од аналитичките сектори, прави централна анализа за потребите на работа на Претседателот и Претседателството (каде е член неговиот Претседател), како и за Централниот совет на партијата.

---

## 2. ПОГРАМСКИ СОВЕТИ

**Член 52**

За реализација на целите и операционализација на задачите на партијата се формираат програмски совети кои функционираат врз основа на критериумите на стручност, компетентност, знаење, кредибилитет и искуство.

Одлука за основање и престанок, како и деловник за работа на програмските совети донесува Централниот совет кој ги избира и именува претседателите и најмалку 3 члена на секој програмски совет, вклучувајќи го и Централниот програмски совет, а на предлог на Претседателството.

**Член 53**

Програмските совети се поделени по ресори или тематски области.

Во надлежност на програмските совети е креирање, анализа и предлози за стратешко планирање на политиките на партијата во дадени области од јавниот живот, согласно Програмата за работа, Статутот и другите акти на партијата.

Програмските совети работат на редовни средби кои се одржуваат најмалку еднаш месечно, доколку поинаку не е одлучено.

Програмските совети ги раководат претседатели кои имаат оперативно-техничка улога за координација на средбите и активностите на советите и врз основа на следење на состојбите во конкретната област подготвуваат идејни предлози за надминување на проблеми, како основа за градење на партиската политика и преземање на конкретни оперативни зафати.

Во ситуација на потреба за поширока консултација по конкретни прашања, може да се организираат дебати со вклучување на експерти надвор од партискиот состав.

За својата работа програмските совети одговараат пред Централниот совет.

Претседателите на советите доставуваат редовни месечни извештаи до Централниот програмски совет, кој врз основа на нив прави централна анализа за потребите на Претседателот на

партијата, Претседателството во кое членува Претседателот на Централниот програмски совет, и до Централниот совет на партијата.

**Член 54**

Член на Претседателството неможе да биде претседател на програмски совет, а член на Централниот совет не смее да членува во повеќе од два совета.

---

## ЛОКАЛНИ ОГРАНОЦИ

**Член 55**

Врз основа на територијалниот принцип на организација на работата, во партијата можат да се основаат локални ограноци по населените места (градови, села, населби и сл.) низ целата територија на Република Македонија, а по одлука, критериуми и деловници за работа донесени од Централниот совет.

---

## ПАРТИСКА МЛАДИНА

**Член 56**

Со одлука на Централниот совет во рамките на Партијата, се формира партиска младина „ГЛАС на млади", а во согласност со значајната улогата на младите како движечка сила и иднина на општеството.

Целите, задачите, принципите на организирање и начинот на работење на „ГЛАС за млади" се регулираат со деловник за работа, а во согласност со Програмските определби и Статутот на Партијата.

---

## ПРАТЕНИЦИ НА ПАРТИЈАТА

**Член 57**

Пратениците во Собранието на Република Македонија од партијата, заради координирање на своето дејствување, формираат пратеничка група, која од својот состав избира координатор и работи по деловник за работа, верификуван од Централниот совет.

---

## НЕРАКОВОДНИ РАБОТНИ ТЕЛА

## СОВЕТ НА ИСЕЛЕНИЦИ

**Член 58**

Во рамките на Партијата, се формира Совет на иселеници, во кој членовите се избираат и именуваат согласно овој Статут.

Целите, задачите, принципите на организирање и начинот на работење на Советот на иселеници се регулираат со посебна програма, а во согласност со Програмските определби и Статутот на партијата.

---

## ИНТЕРПАРТИСКИ СОВЕТ

**Член 59**

Партијата формира Интерпартиски совет, во кој ќе повика за делегирање на претставници од регистрирани партии во Република Македонија, а заради градење на консензус за стратешки прашања на државата.

---

## КОНСУЛТАТИВЕН СОВЕТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ

**Член 60**

Со одлука на Претседателот, во рамките на партијата, тој за свои потреби може да се формира Консултативен совет од 3 до 5 члена, кои може да не бидат членови на Партијата.

**Член 61**

Заради непречено одвивање на партиските активности, може да се формираат и други работни тела од типот на асоцијации, комисии, клубови, работни групи, групи за притисок, специјални тимови и сл.

---

## СТРУЧНА СЛУЖБА

**Член 62**

Заради вршење на секојдневните административно-технички, оперативно-комуникациски, сметководствено-финансиски, архивско-книговодствени и други работи, со одлука на Претседателството се формира партиска Стручна служба, за што ќе се донесе посебен правилник за работа.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ

**Член 63**

Финансиски средства за делувањето на партијата се стекнуваат и обезбедуваат преку:
- членарина;
- доброволни прилози, донации, подароци или легати;
- кредити;
- дотации од Буџетот на РМ; и
- други легални извори на финансии, согласно позитивните законски прописи.

Членовите на партијата кои имаат лични примања задолжително плаќаат членарина во износ утврден од надлежниот орган, додека останатите членови плаќаат членарина врз доброволна основа.

Приходите и расходите на партијата се јавни, а се утврдуваат со нејзиниот годишен буџет.

Покрај редовната банкарска жиро-сметка, за време на избори, средствата од поединечните донации од физичките или правните лица, според законски предвидените износи, се издвојуваат на посебна сметка за изборен фонд.

**Член 64**

Користењето и располагањето со средствата и имотот на партијата се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски и подзаконски прописи.

Интерната контрола и надзорот над материјално-финансиското работење на Партијата го врши Надзорниот орган.

**Член 65**

Партијата согласно позитивните прописи има овластен сметководител, кој доставува месечен извештај за финансиската состојба и ја води посебната книговодствена евиденција за приходите и расходите на Партијата.

## VI. ПРЕСТАНОК НА ПАРТИЈАТА

**Член 66**

Партијата ќе престане со работа:

а) доброволно – кога Собранието ќе донесе одлука за нејзин престанок, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број делегати;

б) задолжително:

– кога бројот на членовите ќе се намали под законски определениот број за нејзино основање, т.е. пререгистрација; или

– кога ќе настапи законски основ утврден со правосилна и извршна одлука од надлежен суд, односно од страна на Уставниот суд на РМ.

**Член 67**

По престанокот на работата и постоењето на партијата, како правен субјект, имотот и средствата што ќе останат по намирувањето на обврските, се донираат во хуманитарни цели.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 68**

Прашањата кои не се уредени со овој Статут ќе бидат регулирани со посебни акти и одлуки во согласност со Уставот на РМ, законите.

**Член 69**

Право на автентично толкување и интерпретација на одредбите од овој Статут има Собранието, а помеѓу две седници на собранија, Централниот совет.

**Член 70**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и при негово донесување.

Предлог за измена може да достави било кој член на било кој од основните партиски органи, по што тој се доставува до Надзорниот орган (статутарната комисија) за изготвување на нацрт-верзијата на измените.

**Член 71**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Член 72**

За потврда на мандатите на членовите на партиските органи избрани на Основачкото собрание, како и евентуален избор на нови членови во партиските органи ќе одржи ново Собрание во рок

од шест месеци но не подоцна од 12 месеци, сметано од денот на оддржување на  Основачкото собрание.